

# ВАСИЛЕВ
# VASILEV



## ВАСИЛ ВАСИЛЕВ

Роден во Скопје 1938, дипломирал на академијата за ликовна уметност во Белград 1965.

адреса: „Мајковска" 38 Скопје * Тел. 256-008

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

1970 Скопје, Битола, 1971 Белград, 1972 Скопје, 1981 Скопје.

## ПОВАЖНИ ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

1965 Словен Градец, Меѓународна изложба

1966 Хаг (Холандија), Белград, Октомвриски салон

1969 Скопје, 25 години на АСНОМ, Ферара (Италија), Современа македонска уметност

1970 Ница (Франција), Современа југословенска уметност, Загреб, VIII конгрес СЛУЈ, Белград, Загреб, Љубљана, НОБ во делата на ликовните уметници на Македонија.

1971 Струмица, Ликовна колонија, Белград, Млада македонска генерација

1971/72 Белград, Загреб, Љубљана, НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија, Скопје, Нашето историско минато.

1972 Јаши, Пиетра, Неамц (Романија), Современа македонска уметност, Пореч, XII интернационално анале, Белград, Млада македонска генерација

1973 Прилеп, Меѓународен симпозиум на пластика во дрво, Мурска Собота, I југословенско биенале на ситна пластика

1974 Скопје, НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија

1975 Сараево, VI изложба на СЛУЈ

1975/76 Белград, Современа македонска уметност

1976 Александрија (Египет), XI меѓународно биенале Панама, Куба, Млада современа југословенска уметност, Загреб, Македонска ликовна уметност Загреб и Белград, IV изложба НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија

1977 Атина, Современа југословенска уметност, Пореч, XVII интернационално анале









ВАСИЛ ВАСИЛЕВ (1938) со најновото самостојно претставување ја означува најновата творечка фаза со која, во последните неколку години, го заокружува тематскиот циклус на своевидна скулптурална еротика. Ова е инаку и прва изложба од ваков вид, не само во македонската скулптура.

Изложените творби зборуваат за континуитет во создавањето но и за нова етапа во скулпторскиот развиток на Василев. Тоа се согледува во неколку елементи и аспекти функционално поврзани и осмислени. Во изборот на скулпторски материјал Василев останува доследен приврзаник на дрвото и на техниката на директна обработка.

Во поглед на пластичната формулација на облиците тој го задржува нивниот примитивен и робустен карактер, со нагласени органски белези.

Основните мотивски интересирања на Василев, како што се човечкиот лик, акт и фигура, во својата еволуција доживуваат пластично-изразна трансформација која се движи од кубично редуцирани заоблени форми, барокно и тотемистички стилизирани, до речиси апстрактно-асоцијативни целини во чиј соодветен контекст се структурирани еротски содржини. Уметникот има непосреден допир и чувство за обработка на дрвото, откривајќи ги неговите природни структури и тактилни својства, со извесен натурализам во претставувањето.

Во поранешните творби еротизмот беше сугериран на еден поиндиректен поретко симболичен начин, додека во најновите дела тоа го прави со истакнување на визуелно препознатливото. Примитивизмот во скулптурата на Василев сега добива еден пластично илустративен и подескриптивен израз со класично обработување на формите во кои внесува и некои современи белези и содржини. За да го предаде интимизмот и еротското во својата скулптура Василев чувствува потреба за користење на реалистичниот податок како кадриран мотив, или зголемен детал, кој во својата „дејствителност" поседува карактеричтична хуморна иронија која оди до карикатуралност во претставувањето. За создавање на примитивната скулптура Василев ги користи и поврзува елементите на старата и новата уметност, искуствата на класичната и современа скулптура. Тој го комбинира визуелното, со редуцирани поретко апстрактни форми, со пиктуралното, фронталното и релјефното, со тродимензионалниот облик и неговата просторна артикулација. Тематската „читливост" во овие дела не оди на штета, туку кон урамнотежување а некаде и произлегува од пластичните преокупации и решенија на Василев. Тој настојва да ги сочува пластичните вредности на делото и ликовните решенија да ги усогласи и поврзе со неговиот тематски слој.

Василев ги користи природните својства и неправилности на дрвото во создавањето необични скулптурални состави, динамични претстави на визуелно поексплицитна „гестуална" еротика, решени на неколку начини. Тоа се класични торза, вертикално и хоризонтално поставени, со или без дополнителни „еротски реквизити", потоа натурални потпојасни „секвенци", вертикални или расчленети хоризонтали, поставени фронтално и меко пиктурално моделирани, или како развиени тродимензионални целини, со мазна и рапава фактура на робустните форми. Василев ги разгранува формите кои подинамично го освојуваат просторот, со белези на комбинирана скулптура предмет која може и механички да се померува.

Извесно концепциско освежување претставува физичкото „пробивање" на скулптуралната „тема" низ рамната дрвена плоча давајќи можност од страните да се посматра како разиграна релјефна структура, со случајно „надреални" ефекти, која сугерира продолжување на „акцијата" на другата страна од преградата, или во слободниот простор и како скулптурален објект кој „барокно" е аниимиран во просторот.

Владимир Величковски

---

1978 Бања Лука, Современа македонска уметност

1979 Тузла, Југословенски портрет, Дубровник, Сараево, Љубљана, 15 современи македонски ликовни уметници

1979/80 Историско минато

1980 Приштина, Белград, Скопје, 15 современи македонски ликовни уметници

1981 Белград, НОБ во делата на југословенските ликовни уметници

1983 Панчево, современа југословенска скулптура

1983 Аранѓеловац „МЕРМЕР И ЗВУЦИ" (меѓународен симпозиум на скулптура во камен)

1966-1984 На сите групни изложби на ДЛУМ.

НАГРАДИ:

1964 Универзитетска награда во Белград

1969 Награда „Нерешки мајстори" ДЛУМ во Скопје

1969 I награда за скулптура на изложбата „25 години на АСНОМ" Скопје

1971 Откупена награда за скулптура „Моша Пијаде" НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија во Белград

1975 Награда „Моша Пијаде" за скулптура на изложбата „Современа југословенска уметност" — Сараево

1971 I награда за скулптура на изложбата „Наше историско минато" Скопје

1976 III награда за скулптура на XI меѓународно биенале во Александрија-Египет
II награда за скулптура НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија-Белград
Откупена награда на југословенскиот конкурс за споменик на паднатите борци во НОБ-Тетово
III нагреда (I не е доделена) на југословенскиот конкурс за споменик на паднатите борци во НОБ-Дебар

1977 II награда за скулптура „Македонка" за Извршниот совет на СРМ-Белград

1981 награда „Ликум" за скулптура

1982 откупна награда за цртеж

1982 11 Октомвриска награда.




СКУЛПТУРА:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Бакнеш I | 1967 | дрво | 40x60 |
| 2. Бакнеш II | 1984 | дрво | 70x60 |
| 3. Бакнеш III | 1984 | дрво | 60x80 |
| 4. Љубовна игра I | 1981 | дрво | 105x50x120 |
| 5. Љубовна игра II | 1981 | дрво | 50x105x50 |
| 6. Љубовна игра III | 1981 | дрво | 35x45x45 |
| 7. Љубовна игра IV | 1984 | дрво | 80x60 |
| 8. Љубовна игра V | 1983 | гипс | 25x35 |
| 9. Игра I | 1983 | гипс | 25x35 |
| 10. Акт I | 1984 | дрво | 50x20 |
| 11. Акт II | 1984 | дрво | 15x40 |
| 12. Акт III | 1984 | дрво | 20x30 |
| 13. Акт IV | 1984 | дрво | 25x30 |
| 14. Акт V | 1984 | дрво | 100x50 |
| 15. Машко торзо I | 1981 | дрво | 110x30x20 |
| 16. Машко торзо II | 1981 | дрво | 110x35x35 |
| 17. Каријатида | 1981 | дрво | 152x30x40 |
| 18. Попрсје | 1984 | дрво | 100x100 |
| 19. Игра II | 1984 | дрво | 80x70 |
| 20. Машко торзо III | 1984 | дрво | 100x60 |

Цртежи: Колаши — Објекти

1 — 15 димензи. од 100x200 1981 и 1984 година

**Организатор:**

**Центар за култура и информации - Скопје**

**Печат: „Стопански весник" — Скопје**

**Тираж: 350 примероци**